Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.29/22), од ФЕЦ “СТРАГОВО 2” во точката 1 зборовите “Друштвото за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Скопје” се заменуваат со зборовите “Друштвото за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Кавадарци”.
   Во Прилогот точката 1. Назив и седиште на носителот на лиценца се менува и гласи: “Друштво за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Кавадарци, со седиште на ул. “Ило Костов” бр.31 Кавадарци, Република Северна Македонија”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во називот и седиштето на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Кавадарци, со седиште на ул. “Ило Костов” бр.31 Кавадарци (во натамошниот текст: Друштво), на 8 април 2022 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, достави Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-87/22 од 8 април 2022 година, за настанати промени во називот, седиштето и овластеното лице на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на називот и седиштето.

Називот на Друштвото се менува од “Друштво за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Скопје” во “Друштво за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Кавадарци”. Седиштето на Друштвото се менува од “ул. “Борис Трајковски” бр. 198А Скопје - Кисела Вода” во “ул. “Ило Костов” бр.31 Кавадарци”.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-1045/3 од 21 април 2022 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 21 април 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-87/22**
**21 април 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**